-Пост полио група за поддршка
ПОЛИО ПЛУС
Здружение на граѓани
Бр. 01-03/1
03.01. 2018 год.
Скопје

ПОЛИО ПЛУС движење против хендикеп

Булевар.АВНОЈ.64 локал 2, 1000 Скопје, Македонија
Тел: +389 (0)2 2400 544; www.polioplus.org.mk; polioplus@polioplus.org.mk
жиро сметка: 300000000697660 - Комерцијална банка А.Д. Скопје

# Полио Плус

# Годишен извештај за 2017

Скопје, 2018 година

## Содржина

ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО ........ 3

ВИЗИЈА ........ 5

МИСИЈА ........ 5

ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ НА ПОЛИО ПЛУС ........ 5

ПРОГРАМСКИ НАСОКИ НА ДЕЛУВАЊЕ ........ 6

А. Извештај за активности преземени во 2017 ........ 7

А.1. Цели ........ 7

А.2. Целни групи и област ........ 7

А.3. Резултати и активности ........ 7

Б. ПОДДРШКА – ОДДРЖИВ ПОЛИО ПЛУС ........ 16

В. Организација ........ 16

Г. Финансискиот извештај ........ 16

## Листа на кратенки

ЕК - Европска Комисија

ЕУ - Европска Унија

ИППГ – Интер партиска парламентарна група

КПЛХ – КОнвенција за правата на лицата со хендикеп

ОБСЕ - Организацијата за безбедност и соработка во Европа

ОБСЕ/ОДИХР - Организација за безбедност и соработка во Европа/Канцеларија за демократски институции и човекови права

ОЛХ – Организации на лица со хендикеп

ООН - Организација на Обединетите нации

## ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО

Изминатава 2017 година, Р. Македонија во голема мера беше засегната од нестабилната политичка ситуација и формирањето на новата влада. Нестабилната и заострената политичката ситуација, во голема мера влијаеше на прашањето на хендикепот и неговата застапеност во политичката, економската, па и медиумските агенда во земјава.

Во јуни беа распишани и локалните избори во Македонија, со датум на одржување 15 октомври 2017. Новата Влада на Македонија беше изгласана на крајот на мај, по повеќе од пет месеци од парламентарните избори. На изборот му претходеа зголемени тензии меѓу политичките опоненти кои ескалираа на 27 април 2017 година, кога парламентарното мнозинство одлучи да го спроведе изборот за претседател на Собранието.

Македонската политичка сцена паралелено беше посетена од голем број на меѓународни претставници од ЕУ, ЕК, како и претставници од ОДИХР и ОБСЕ.

Условите во политичката и економската сцена имаа свое значително влијание и врз социјалната политика.

Хетерогноста на движењето на организациите на лица со хендикеп се зголеми со појавување на нови субјекти и иницијативи, претежно покренати од родителите на деца со хендикеп. Во оваа насока од наша страна беше иницирано формирање на Национално собрание на ОЛХ. Во истото се приклучија 14 ОЛХ од регионот.

Во текот на целата 2017 година, Полио Плус продолжи да делува и да влијае во остварувањето на демократските слободи, кои треба да го инкорпорираат прашањето на хендикепот како феномен, како и доследно да се спроведе КПЛХ.

Во таа насока, низ нашето делување се потрудивме прашањето на хендикеп да остане сепак видливо на политичката агенда, интензивираќи го своето влијание за поактивно вклучување на прашањето на хендикепот низ главните текови, како и новите текови кои беа актуелни за политичката, економската и социјалната политика.

Низ серијата средби реализирани со меѓунаордните фактори од ЕУ, ЕК, ОБСЕ, ОДИХР, УНИЦЕФ, УН и нашите пријатели од регионот, покренавме серија на активности и средби со претставниците од меѓународната заедница потенцираќи дека прашањето на хендикеп треба да се гледа како дел и од Пржинскиот договор, како и потребата од гледање на граѓаните со хендикеп како на заедници, каде што Р. Македонија треба поинтензивно да пристапи кон реализирање на индивидуалните и колективните права на ѓраѓаните со хендикеп.

После стабилизирањето на политичката ситуација и формирањето на стабилно собрание од наша страна беше иницирано формирањето на ИППГ.

Така во 2017 се формира и шестиот состав на ИППГ, кој се закити со 46 нови и стари пратеници од сите политички партии. Во периодот на предзиборието, Полио Плус со подршка од ОБСЕ и како член на регионалниот

одбор на ОДИХР за поактивно вклучување на лицата со хендикеп во политичкиот и јавниот живот, спроведе анализа и истражување. Наодите и препораките беа разгледани на јавната дебата која ИППГ ја организираше во Собранието на Р. Македонија.

Во текот на овие избори беше и интезивирана соработката со ДИК, каде заеднички беа покренати одредени иицијативи за да се обезбеди попристапен изборен процес за граѓаните со хендикеп.

На полето на социјалната политика од страна на Владата на Р. Македонија беа покренати одредени измени на неколку закони кои ги засегаат лицата со хендикеп. На оваа поле, Полио Плус преку ИППГ припреми неколку амандмани, иницијативи и препораки за унапредување на текстот на законот.

Нашето делување во еконосмката политика беше изразено преку формираниот Центар за вработување на лицата со хендикеп во соработка со Стопанска Комора на Македонија. Овој центар ги постави постулатите за формирање на центар за професионална рехабилитација, како и ги постави насоките за поактивно вклучување на лицата со хендикеп на отворениот пазар на трудот. Преку серија на обуки за бизнис заедницата, но и за лицата со хендикеп, се подигна знаењето на одредени прашања поврзани со вработувањето на лицата со хендикеп.

Полио Плус и во 2017 година продолжи да биде активен чинител и да делува и на регионално и меѓународно ниво. Преку делувањето на БИДФ беа реализирани неколку средби и дефинирани неколку насоки и политики по прашњето на хендикеп. Беа стварени средби и со соборнците од ЕНИЛ, ДПИ и ЕДФ, како и претстваници од Комитетот при ООН за Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп.

2017 се заокружи со одредени предизвици кои во 2018 ќе треба да се надминат.

И во ваков контекст, Полио Плус имаше релативно интензивна, но стабилна година и реализираше протфолио од 7 проекти од кои 2 проекти започнаа во претходната година и 5 од оваа година. Организацискиот тим беше надграден со тројца нови соработници, додека едно едно лице го напушти тимот на Полио Плус.

Звонко Шаврески
Претседател
Полио Плус – движење против хендикеп

## ВИЗИЈА

Полио Плус е лидер, активен креатор и носител на суштинските промени за градење на светот како општество во кое сите лица со хендикеп учествуваат целосно, како еднакви граѓани.

Полио Плус, потпирајќи се на индивидуалните вредности, како прилагодлива, истрајна и одржлива организација, а преку искористување на процесите и механизмите на посредната демократија, заедно со другите чинители, го промовира и наметнува пристапот за еднакви можности, кој обезбедува учество на лицата со хендикеп во главните општествени текови.

## МИСИЈА

Полио Плус е граѓанска организација на лица со и без хендикеп која работи на суштинско поврзување и целосно остварување на основните човекови права и слободи на лицата со хендикеп.

Нашата мисија е јакнење на самодовербата на лицата со хендикеп и креирање на општество со еднакви можности за сите.

**“Полио Плус не патува сам”.** Нашата мисија ја оствaруваме заедно со другите чинители во општеството.

## ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ НА ПОЛИО ПЛУС

- Еднакви можности за учество на лицата со хендикеп во општествените текови;
- Еднаквост, толеранција и недискриминицација врз основа на хендикеп;
- Целосно почитување на основните човекови права и слободи на лицата со хендикеп;
- Воспоставување на систем за правата и достоинството на лицата со хендикеп;
- Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата;
- Добро владеење, партиципација и политики за прашањето на хендикеп;
- Вкоренето и динамично граѓанско општество, кое влијае врз јавните политики;
- Прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог;
- Поддржан евроинтеграциски процес и зајакната регионална соработка;
- Полио Плус - независна организација, со кредибилитет, способна за партнерства и сојузи базирани врз еднаквост;
- Полио Плус е атрактивна и иновативна организација која учи со иновативен и глобален поглед.

## ПРОГРАМСКИ НАСОКИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Пет стратешки цели го отцртуваат среднорочното дејствување на Полио Плус.

**Правна програма –** цели насочени кон унапредување на правниот систем, преку хармонизирање на домашното законодавство со меѓународното; креирање на систем на политики и програми на национално и локално ниво; за унапредување на положбата на лицата со хендикеп; како и почитување на нивните човекови права во политичкиот, економско-социјалниот и културниот живот.

**Програма за независно живеење –** промоција на концептот за независно и достоинствено живеење, како и креирање на сеопфатна кохерентна политика во однос на регулаторните механизми за сервиси за поддршка на лицата со хендикеп.

**Програма за вработување и образование на лицата со хендикеп –** унапредување на положбата на лицата со хендикеп на пазарот на трудот и нивно активно учество во економската политика во Македонија, како и признавање на вредностите на лицата со хендикеп на пазарот на трудот. Затоа што не постои достоинствено вработување без соодветно образование, оваа програма го вклучува и унапредувањето на редовниот образовен систем со цел инклузивно образование под еднакви услови за децата и лицата со хендикеп.

**Граѓанска програма**. Целта на оваа програма е да придонесе во намалувањето на дискриминацијата кон лицата со хендикеп, преку поврзување и вмрежување со други чинители и актери од општеството, како и промоција на потребата од вклучување на прашањето на хендикепот во главните текови (mainstreaming), но и имплементирање на активности и програми во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

**Подигнување на јавната свест** за прашањето на хендикеп и сите општествени сегменти на живеење е клучот кон надминување на стигмата и стереотипите рапространети во општеството. Ова се сет на активности кои хоризонтално се вградени во сите четири програми и моделирани на начин да пружат соодветна поддршка на истите, согласно конкретните активности.

## А. Извештај за активности преземени во 2017

### А.1. Цели

Поаѓајќи од својата визија, мисија и долгорочни цели, Полио Плус во текот на 2017 година продолжи да работи на постигнување на своите долгорочни цели:

- Воспоставување на систем за правата и достоинството на лицата со хендикеп;
- Социјална и економска кохезија;
- Добро владеење, партиципација и политики за прашањето на хендикеп;
- Вкоренето и динамично граѓанско општество, кое влијае врз јавните политики;
- Поддржан евроинтеграциски процес и зајакната регионална соработка;
- Полио Плус - независна организација, со кредибилитет, способна за партнерства и сојузи базирани врз еднаквост;
- Полио Плус - атрактивна и иновативна организација која учи со иновативен и глобален поглед.

### А.2. Целни групи и област

Полио Плус ги има дефинирано своите целни групи согласно Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, односно сите лица со хендикеп со осврт на жените и децата со хендикеп.

Целно подрачје на Полио Плус е целата територија на Р. Македонија, а дел од активностите се спроведуваат и во регионот на Балканот.

Полио Плус ги спроведува своите активности на сите нивоа: локално, регионално (во рамките на РМ), национално, регионално и меѓународно.

### А.3. Резултати и активности

За постигнување на целите кон кои се стреми, Полио Плус формулира програми кои придонесуваат кон нив со своите резултати. Во продолжение е направено поврзување на тие програми со соодветните цели.

Полио Плус во 2017 година реализираше портфолио од 7 проекти, од кои 5 од оваа година и 2 од претходни години, во следните програми:

## 1. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВНАТА ЗАКОНОДАВНА РАМКА ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

### 1.1 Унапредување на законската регулатива за заштита од дискриминација согласно КПЛХ

Полио Плус и во 2017 година продолжи да покренува иницијативи и активности во насока на унапредување на постоечката законодавна рамка за поефикасно разбирање на пристапот кон хендикепот.

Како член на работната група при МТСП, Полио Плус продолжи активно да учествува на работните средби и даде конструктивен придонес за проширување на опсегот на разумното прилагодување, согласно Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп што во суштина значеше продолжување на активностите започнати уште во 2016 година. Законот за заштита од дискримација е во финална фаза и е испратен до Венецијанската Комисија.

### 1.2 Едукација на организации на лица со хендикеп за концептот на недискирминација

Во ноември 2017 Полио Плус учествуваше на конференцијата “Подигни го гласот за општество без дискриминација” организирана од Здружение на млади правници која имаше за цел да се запознаат лицата со хендикеп со концептот на недискриминација, постоечката законодавна рамка, како и начините за поднесување на претставки до надлежните институции.

### 1.3 ИППГ – промотор на правата на лицата со хендикеп

Во текот на овие години од своето постоење, Интер партиската парламентарна група (ИППГ) со својата работа стана препознатлив синоним за промовирање и унапредување на правата на лицата со хендикеп во РМ.

Визијата за формирање и постоењето на една ваква група, иницирана од Полио Плус – движење против хендикеп, беше таа да претставува спрега помеѓу организациите на лица со хендикеп и власта, гласноговорник кој ќе ги артикулира потребите на оваа група граѓани пред народните избраници и ќе помогне тие потреби да се вообличат во конкретни законски одредби кои ќе гарантираат остварување на правата и креирање на услови за еднакви можности.

Пред формирањето на новиот состав Полио Плус одржа серија на координативни состаноци со преставници на политичките партии, ВМРО, ДУИ, СДСМ и Беса со цел да се дефинира и координираат планираните активности.

На 06 септември 2017 година во Уставната сала на Собранието на Република Македонија се одржа работен состанок на кој што се избра новиот состав на Интерпартиската парламентарна група (ИПГП). На состанокот присуствуваа 26 пратеници од новиот состав на Собранието на Македонија. За време на средбата, членовите на групата истакнаа дека постојат голем број на предизвици поврзани со имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и дека е потребно преземање на проактивни мерки и активности со

цел да се создаде праведно општество за лица со хендикеп.

Во новиот состав на ИППГ членуваат вкупно 46 пратеници од сите политички партии во Парламентот.

Членовите ги предложија и избраа членовите кои ќе ја предводат групата во наредниот период, а пратениците се обврзаа дека активно ќе работат на прашањето на хендикеп и ќе се обидат да направат крупни и позитивни чекори кон подобрување на животот на лицата со хендикеп како и целосна имплементација на КПЛХ во соработка со невладиниот сектор и со другите државни институции.

На 28 септември 2016 г. во Собранието на Република Македонија во салата „Борис Трајковски“, Полио Плус и ИППГ во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје одржаа дебата на тема: „Политичко учество на лицата со хендикеп“. На оваа дебата присуствуваа 101 учесника. Покрај претставниците на организациите на лица со хендикеп, присуствуваа претставници на МТСП, МОН, МНР, ДИК (Државната изборна комисија) и членовите на ИППГ. Учесниците беа активно вклучени во дискусијата за изнаоѓање начин за поголемо учество на лицата со хендикеп во јавниот и политичкиот живот, не само како гласачи, туку и како директни учесници во политичките партии и како кандидати за избори. Покрај измената на законите кои ќе придонесат во таа насока се потенцираше потребата од кампањи за подигнување на јавната свест за ова прашање. На дебатата се истакна проблемот со непристапноста на избирачките места не само за лицата со телесен хендиикеп, туку и за лицата со сензорен хендикеп.

## 1.4 Едукација на ОЛХ за зајакнување на организациските капацитети

Во текот на 2017 година Полио Плус во рамките на своите проектни активности спроведе серија на обуки наменети за ОЛХ членки на Националното Собрание на ОЛХ кое се формираше во почетокот на годината. Овие обуки имаа за цел да обезбедат детално знаење и практично искуство во циклусот на управување со проекти. Нивниот фокус се базираше на идентификување на потребите преку разни модели на оценување, фази на планирање и методологии, имплементација на проекти и предизвици и оперативни модалитети. Обуките, исто така им обезбедија на учесниците знаење за следење и евалуација на активностите / резултатите / исходите во следењето на меѓународниот стандард за менаџмент и финансиски менаџмент базиран на резултати, вклучувајќи го и планирањето на буџетот, мобилизирање на ресурси, финансиски трошоци и известување за подобра отчетност и транспарентност.

## 1.5 Поднесени иницијативи и коментари за унапредување на законската рамка

Се поднесоа иницијативи и коментари за унапредување на законската рамка со цел да се реализира

усогласувањето на националното законодавство и нормативните акти со КПЛХ. Предложените иницијативи и дадените коментари се однесуваа на неколку отворени прашања за тековната политичка и економска ситуација. Во рамките на овие активности се поднесоа следниве иницијативи и коментари: Иницијативи за зајакнување на Владината програма согласно КПЛХ (испратени до Влада на Р.Македонија); Коментари и иницијативи за Стратегијата за инклузивно образование (испратени до МОН); Иницијатива за зајакнување на подзаконскиот акт на Законот за основно образование (испратена до МОН); Иницијатива за вклучување на лицата со хендикеп во работата на ДИК (испратена до БЕСА); Препорака за зајакнување на изборниот закон во согласност со КПЛХ (испратена до ОБСЕ, ОДХР, ДИК и ИППГ); Препорака до Град Скопје за подобрување на Одлуката за користење на превозот од страна на лицата со хендикеп (испратена до Град Скопје); Реакција и коментар за несодветното медиумско презентирање на лицата со хендикеп (испратена до Медиумскиот Совет, ИППГ, медиуми и полтички партии); Иницијатива и амандмани за Законот за социјална заштита (испратена до политичка партија).

## 1.6 Правна помош и совети

Полио Плус и во 2017 година продолжи со досегашната практика на обезбедување индивидуална правна помош и совети на граѓаните со хендикеп и нивните семејства.

Според досегашното искуство, во најголемиот број случаи станува збор за остварување на различни права од сферата на социјалната заштита, помош при склучување или раскинување договори за работа, обезбедување информации за надлежностите на јавните установи и сл.

Можноста за лобирање и алармирање за индивидуални случаи, на сторени неправди и повреди на правата на поединци со хендикеп, иако не ги решава проблемите суштински и системски, сепак е добредојдена за лицата соочени со проблемите што ги носи хендикепот.

Во текот на 2017 година беа дадени 116 правни совети од кои 56 се однесуваат на правото за вработување и остварување на правата од работен однос, 28 се обратиле за запознавање со правата по основ на хендикеп, 12 се обратиле за остварување на правото на мобилен додаток, 10 се обратиле за остварување на правото за обраозвание, 10 се обратиле за остварување на правото за бесплатен превоз.

Во февруари и март 2017 се одржаа серија на фокус групи на кои учествуваа околу 25 лица кои имаа за цел да ја разгледаат постоечката ситуација во областа на здравствената и социјалната заштита.

## 2. ПРОГРАМА ЗА ЕДУКАЦИЈА И ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

### 2.1 Обука и едукација на група за професионална рехабилитација

Во текот на 2017 година Полио Плус реализираше серија на обуки во кои беа опфатени преставниците на јавната администрација во Р.Македонија. Овие обуки имаа за цел да обезбедат знаење и алатки за концептот на професионална рехабилитација, да изработат индивидуални професионални планови за лицата со хендикеп и истовремено да го подигнат нивото на јавната свест за вклучувањето на лицата со хендикеп на отворениот пазар на трудот и можностите за нивното вработување.

Во рамките овие обуки учествуваа преставници од релевантните институции (Центри за социјална работа, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување на Р. Македоинија и сл.) во Р. Македонија кои се директно или индиректно вклучени во овие процеси и се изработија 50 индивидуални професионални планови за вработување на лица со хендикеп.

### 2.2 Обука за преставници на бизнис заедницата

Во 2017 година Полио Плус активно работеше на одржување на работилници за основно и напредно ниво за преставниците на бизнис заедницата во Р. Македонија.

Во рамките на овие обуки (и основното и напредното ниво) беа опфатени околу 150 преставници на бизнис заедницата од целата територија на Р. Македонија. Темите кои беа опфатени на овие обуки се однесуваа на: запознавање со постоечката законска регулатива за вработување на лицата со хендикеп, запознавање со концептот на разумно прилагодување и практична примена и запознавање со концептот на дискриминација по основ на хендикеп во областа на вработувањето.

### 2.3 Обука на лица со хендикеп

Во текот на 2017 година, Полио Плус спроведе серија на обуки кои беа наменети за лицата со хендикеп и кои имаа за цел да ги подобрат вештините, знаењата и можностите на лицата со хендикеп директно да се вклучат на отворениот пазар на трудот. Серијата на обуки опфатија околу 140 лица со хендикеп, а по теми, на обуките се обработија следниве теми: Права на лицата со хендикеп за вработување (20 лица), Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп (20 лица), Пишување на биографија(20 лица), Само преставување на интервју (20 лица), Одржување на работни состаноци (20 лица), курсеви по англиски јазик – основно ниво (30 лица),

курсеви по компјутери – основно и напредно ниво (40 лица) и практиканство (10 лица).

## 3. ПРОГРАМА ЗА НЕЗАВИСНО ЖИВЕЕЊЕ НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

### 3.1 Хабилитација и подигнување на самодовербата кај лицата со хендикеп

Во текот на 2017 година, Полио Плус продолжи со давање на услуги за хабилитација и подигнување на самодовербата кај лицата со хендикеп.

Во таа насока беше дадена услуга на 5 лица со хендикеп на кои има беше дадена поддршка за нивно независно живеење, како и насоки како да си го олеснат животот со практични вештини.

## 4. ГРАЃАНСКА ПРОГРАМА

### 4.1 Средба со различни чинители за поставување на прашањето на хендикеп повисоко на политичката агенда

Во пресрет на локалните избори 2017 во Македонија Полио Плус оствари средба со различни чинители од политичките партии. Средбите беа во насока на поставување на прашањето на хендикеп во изборните програми на политичките партии.

Во пресрет на локалните избори 2017 година, тимот на Полио Плус оствари средби со кандидатите за градоначалници. Имено, се оствари средби со Г- дин Ивица Коневски – кандидат за градоначалник на општина Аеродром (29.09.2017), Г-дин Дејан Јовановски – кандидат за градоначалник на општина Центар (06.10.2017) и со г- дин Петре Шилегов – кандидат за градоначлник на Град Скопје (09.10.2017).

На средбите, Полио Плус ги потсетија кандидатите дека како идни татковци ќе мора доследно да ја спроведуваат Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп. Исто така, кандидатите ги информиравме за неопходното обезбедување на целосната пристапност и достапност за граѓаните со хендикеп (пристапност до и во објектите, пристап до информации), како и за потребата од активно вклучување на лицата со хендикеп во органите на одлучување на локално ниво.

На 26 јули 2017 преставници на Полио Плус учествуваа на состанокот организиран од ОБСЕ на кој беа присутни и преставници на EFS, Државната изборна комисија, ОЛХ и други граѓански организации. Целта на состанокот беше проверка и проценката на пристапноста на избирачките места за лица со хендикеп Државната изборна комисија (ДИК), да се согледа фактичката состојба на избирачките места од аспект на пристапност на истите за лицата со хендикеп и преземање на соодветни активности, во зависност од надлежноста на учесниците во проектот, за надминување на постоечките пречки за пристапност

### 4.2 Средба со меѓународни претставници за унапредување на прашањето на хендикеп

Во текот на 2017 година, претставници на Полио Плус остварија средба со претставници од меѓународните организации и институции за унапредување на човековите права во Р. Макеоднија. Во таа насока беа стварени средби со претставници на УНИЦЕФ, Француската амбасада, како и со претставници на делегацијата на ЕУ во Македонија и ОДХР.

Претставници од Полио Плус зедоа учество и на средбата на Г. Хан со граѓанските организиации, институции и бизнис секторот во областа на вработување кои работат на полето на заштита на човековите права, организирана од страна на делегацијата на ЕУ во Македонија.

На 18 јули 2017, претставници на Полио Плус остварија средба со Рајнхард Прибе на која се изнесоа забелешки како државата ги исполнува условите кои се дел од Извештајот на Прибе и се презентираше ставот на Полио Плус во однос на вклученоста на прашањето на хендикеп во постоечкиот извештај и се дадоа насоки како да се инкорпорира прашањето на хендикепот како дел од човековите права.

На 02 март претставници на Полио Плус остварија средба со Фредерика Могерини на која се разговараше за напредокот на Македонија во процесот на ЕУ интеграциите и остварувањето на човековите права во Р. Македонија.

На 15 ноември 2017 преставник на Полио Плус присуствуваше на средба која ја организираше Европската Комисија и која имаше за цел да го разгледа напредокот на Р. Македонија во контекст на фундамениталните права: медиумите, слободата на говор и изразување, правата на децата, правата на ЛГБТ заедницата, еднаквоста меѓу мажите и жените, интеграцијата на Ромите, прашањето на хендикеп, меѓуетничките односи, слободата на здружување и трговија со луѓе.

Претставник на Полио Плус учествуваше на редовниот годишен состанок на Академијата на мрежата на експерти за прашањето на хендикепот (Academy Network of Experts for Disability - ANED) на кој се разгледаа претходните извештаи кои ги доставиле секоја од земјите членки и се дадоа коментари и насоки како земјите членки да ги усогласат своите политики со КПЛХ и Европската Стратегија за хендикеп 2020.

### 4.3 Унапредување на учеството на лицата со хендикеп во политичкиот и јавниот живот

Како препознаен лидер за правата на лицата со хендикеп Полио Плус во соработка со Канцеларијата на ОБСЕ спроведе истражување на тема “Политичка партиципација на лицата со хендикеп”. Со цел да можеме поефективно да понудиме препораки во оваа област, а имаќи ги во предвид големиот број на фактори кои влијаат врз учеството на лицата со хендикеп на јавната и

политичката сцена, во периодот од Мај – Јули беа преземени методолошки алатки во кои беа вклучени: лицата со хендикеп, политичките партии и лицата без хендикеп. Анализата покажа повторно дека главните препреки за активно вклучување на лицата со хендикеп се непристапни и недостапни гласачки места, недостапни информации за процесот на гласање, постоечките стереотипи за гласањето на лицата со хендикеп и слично.

Резултатите од ова истражување беа презентирани на дебатата која се организира на 02 ноември 2017. На дебатата учествуваа претставници на ОЛХ и ОБСЕ. Врз основа на резултатите од истражувањето, беа донесени заклучоци од дебатата. Овие заклучоци се однесуваат на законодавството кое ќе мора да подлежи на одредени промени кои ќе го унапредат учеството на ЛХ во изборниот процес. Непристапноста на избирачките места, е една од главна пречка за лицата со хендикеп да не го остваруваат своето право на глас. Потребни се и кампањи за подигнување на јавната свест за ова прашање.

### 4.4 Балканска мрежа на организации на лица со хендикеп.

Во текот на 2017 година Полио Плус како координатор за Македонија во Регионалната Балканска мрежа на организации на лица со хендикеп, беше присутен на четири регионални средби во Бања Лука, Белград, Подгорица и Скопје.

На средбите Полио Плус зеде учество со свои претставници, кои се членови на УО на мрежата и Собранието. На средбите беше дефинирано натамошното делување на Балканската мрежа во регионот со можност за вклучување на други балкански земји во оваа мрежа од регионот.

Паралелно беа разгледани и новите начини и форми на само одрржливост на мрежата после завршувањето на поддршката од ЕУ.

### 4.5 Вмрежување на ОЛХ на национално ниво

Се одржаа серија на средби за вмрежување кои имаа за цел да се потврди дека сите ОЛХ се фокусирани на фактот дека вмрежувањето е значајна алатка за развој на капацитетите кои треба да овозможат споделување на информациите и знаењето со цел да се овозможи самозајакнување на лицата со хендикеп и нивните ОЛХ, да се зајакне соработката помеѓу ОЛХ и да се развие Стратегија за заедничко делување за подобрување на статусот на лицата со хендикеп на национално ниво.

### 4.6 Изработка на Водич за Локален Акционен План

Со цел да се зголеми кохезијата помеѓу граѓанските организации кои ги преставуваат лицата со хендикеп и да се овозможи минимум разбирање и заеднички настап кон креаторите и имплементаторите на јавните политики по клучните прашања кои ги засегаат лицата со хендикеп се изработи Водич за креирање на локален акционен план по прашањето на хендикеп.

Публикацијата се изработи во духот на ООН Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и имаше за цел да им помогне на локалните чинители да преземат мерки преку кои граѓаните со хендикеп би можеле да преминат од исклученост до еднаквост, да придонесе кон подигнување на јавната свест, да го промовира почитувањето и интересот за хендикепот, како и да предложи развојни политики кои ќе овозможат имплементација и спроведување на еднаквите можности и да даде препораки за подготовка на план за акција во соработка со сите локални авторитети и активисти за реализирање на правата на лицата со хендикеп.

## 5. Подигнување на јавната свест

Полио Плус во текот на 2017 година редовно информираше за своите активности низ повеќе комуникациски канали. Полио Плус редовно комуницираше со медиумите преку соопштенија, директни контакти со презентации и промоции на активностите кои се спроведуваат.

Контактите резултираа со резлизирани повеќе дебати на ТВ НОВА, 24 Вести, Телма, МТВ, АлСат со теми од областа на вработување, социјална и здравствена заштита, политичката партиципација на ЛХ, пристапноста и сл. Дополнително, Полио Плус зеде учество на утринска програма на МТВ со 2 гостувања, гостување во емисијата Тунел како и со 2 гостувања на Македонското радио.

Покрај МТВ, Полио Плус учествуваше во емисиите Македонија денес на ТВ 24 и Огледало на здравјето на ТВ Алсат.

Во 2017 Полио Плус го изработи документарниот филм Carpe Diem, кој беше промовиран на 22 ноември на ТВ Сител, покривајќи ги предизвиците на лицата со хендикеп при вработување. Покрај филмот во рамките на своите проектни активности беа изработени и три видео клипа кои имаа за цел да се подигне јавната свест за можностите за вработување на лицата со хендикеп на отворениот пазар на трудот.

Во рамките на предвидени проектните активности се изработија голем број на публикации кои ги опфаќаат областите на вработување на лицата со хендикеп, можностите за вклучување на отворениот пазар на трудот, подигнување на капацитетите на бизнис заедницата, учеството на лицата со хендикеп во политичкиот и јавниот живот и практичната примена на КПЛХ на национално ниво.

Дополнително настаните кои беа организирани на локално ниво беа проследени од страна на повеќе Телевизиски куќи, печатени медиуми и портали.

Веб страната постојано се обновуваше и ажурираше со нови податоци, а дел од содржините се публикувани и на социјалните медиуми на организацијата.

## Б. ПОДДРШКА – ОДДРЖИВ ПОЛИО ПЛУС

**Б.1. Пристап кон извори на финансирање**

Во текот на 2017 година од страна на Полио Плус беа подготвени и поднесени вкупно нови 8 апликации, на кои се уште чекаме одговор.

Во 2017 година беа остварени средби и со претставници на бизнис секторот за нивно активно вклучување и поддршка на работата на Полио Плус.

## В. Организација

**В.1. Стратегија, управување и раководење**

Во 2017 Управниот одбор на Полио Плус одржа четири седници. На првата седница се расправаше за: Извештај од попис на Полио Плус со состојба на ден 31.12.2016 година; Завршна сметка на Полио Плус за 2016 година; Годишен извештај на Полио Плус за 2016 година со финансиски извештај; Годишен план на Полио Плус за 2017 година со финансиски план. Втората седница имаше три точки и тоа: Тримесечен извештај за работата на Полио Плус за 2017, со финансиски извештај, Извештај од независен ревизор на Полио Плус за 2016.

Третата седница се расправаше за: Полугодишен извештај со финансискиот извештај. Четвртата седница се Извештај од попис со состојба на ден 31.12.2017 година; Завршна сметка на Полио Плус за 2017 година; Годишен извештај на Полио Плус за 2017 година со финансиски извештај; Годишен план на Полио Плус за 2018 година со финансиски план. Во овој период

Колегиумот продолжи да се оддржува секој понеделник во неделата каде вработените се координираа за активностите и креираа планови за реализација на дел од проектните активности.

**В.2. Планирање, известување, набљудување и оценка**

Полио Плус редовно ги планира и известува за своите активности.

## Г. Финансискиот извештај

Финансискиот извештај е подготвен како посебен документ

Бр. 01-03/1, 2018

03. 01. 2018

**Звонко Шавревски**
**Претседател**
**Полио Плус – движење против хендикеп**